Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-3884/21
Дата: 17-12. .2025 г
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 45, став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р. М.„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на Р. С. М.“ број 143/2019, 14/2020 и 208/2024),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

## О Д Л У К А
## за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

I. Во врска со јавен оглас бр.728/2025 за вработување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на 09.07.2025 година на веб страницата на Агенцијата за администрација како и во дневните весници “Нова Македонија”, “Вечер”, и “Коха”, за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за локален економски развој, Одделение за подготовка на стратешки и плански документи и подготовка на проектна документација, Сектор за локален економски развој...........(1), **СЕ ИЗБИРА** кандидатот со идентификациски код DC1F2A7 **НАТАША МАНЕВА**.

II. Одлуката за избор се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

Во член 38 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), предвидена е постапка за вработување на административни службеници врз основа на објавен јавен оглас.

Врз основа на објавениот јавен оглас бр.728/2025 за вработување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на веб страницата на Агенцијата за администрација како и во дневните весници “Нова Македонија”, “Вечер”, и “Коха”, за работно место Советник за локален економски развој, со звање Советник, во Одделение за подготовка на стратешки и плански документи и подготовка на проектна документација, Сектор за локален економски развој ........... (1) извршител, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-1732/3 од 17.7.2025 година ја спроведе постапката за вработување на административни службеници која се состои од фаза на административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју.

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Комисијата спроведе административна селекција и состави записник бр.10-1732/4 од 28.07.2025 година.

Согласно Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје донесено е Решение бр.10-1732/5 од 11.08.2025 година за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници.

Врз основа на Заклучокот бр.08-3716/5 од 12.11.2025 година за завршување на Локалните избори 2025 година, за избор на членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, е донесено Решение бр.10-1732/7 од 24.11.2025 година за продолжување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници.

Согласно записникот од спроведен испит бр.10-1732/10 од 05.12.2025 година, записникот од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1732/13 од 11.12.2025 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас до Општина Кавадарци достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување по јавен оглас бр.728/2025, како и предлог бр.10-1732/14 од 12.12.2025 година на кандидати за вработување со најголем број освоени бодови.

Согласно член 45, став (1) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М " број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Општина Кавадарци, по добивањето на ранг листата на кандидатите и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.728/2025, одлучи како во диспозитивот на одлуката, каде за работното место УПР 01 01 В01 000 Советник за локален економски развој, Одделение за подготовка на стратешки и плански документи и подготовка на проектна документација, Сектор за локален економски развој ........... (1) извршител, се избира кандидатот Наташа Манева.

Арх.Бр. 04-3884/
Дата:___________.2025 г
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил:Флорина Делова
Контролирал:Надица Алексова
Одобрил: Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**СЕКРЕТАР**
**Тодор Ефремов**